ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата:27.09.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Учество на ФЗОМ во одбележување на Европскиот ден на рационална употреба на антибиотици и во Проектот за рационална примена на антибиотици во Република Македонија

Антибиотиците не се храна – непотребното користење ја намалува нивната делотворност е мотото на одбележувањето на Европскиот ден на рационална употреба на антибиотици на стручниот семинар на тема „Рационална употреба на антибиотици и превенција на антимикробна резистенција ", кој се одржа во Велес, на 26 септември 2014 година. ФЗОМ ја поддржува кампањата за рационална употреба на антибиотици и во повеќе наврати зема активно учество во промовирањето на совесен однос на сите осигуреници кон употребата на антибиотиците.



Свое излагање на тема „Потрошувачка на антибиотици во Република Македонија" на овој стручен собир има Кристина Христова, директор на сектор фармација при Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Како што истакна таа, рационалното користење на лекови, а особено на антибиотиците е приоритет на здравствените власти, чија примарна цел е заштита на здравјето на граѓаните и на идните генерации. Антибиотиците се едни од најважните терапевтски револуционерни откритија во медицинската историја и се есенцијална алатка за модерната медицина – хируршки процедури и трансплантации не можат да се спроведат без нив. За жал, антибиотиците се подложни на злоупотреба, на пр. кога антибиотиците се пропишуваат за вирусни инфекции каде тие не делуваат, истакна Христова.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија е активен учесник во повеќегодишните актвности и напори за подигање на свеста за рационална употреба на антибиотици и е партнер на

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Светската здравствена организација СЗО, на Министерство за здравство, Институтот за јавно здравје во борбата за здрава нација и здраво поколние, бидејќи, ова може да се постигне само доколку сите учесници во ланецот на здравството, започнувајќи од лекарите кои пропишуваат и препорачуваат лекови, фармацевтите кои издаваат лекови, пациентите кои ги користат лековите, снабдувачите на лекови, производителите, дистрибутерите и здравствените власти, имаат иста цел, искоренување на навиката за нерационална употреба на антибиотици.